Архивски број: 08-254/1
24-03-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 471/1 од 12.09.2022 година, поднесена од [redacted] од Скопје, [redacted] во Скопје, за сторена дискриминација врз основа на припадност на маргинализирана група, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост и здравствена состојба, во областа на пристапот до добра и услуги, од страна на Градска општа болница "8ми Септември", со седиште на ул. "Париска", б.б во Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20) на 22.03.2023 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на припадност на маргинализирана група, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост и здравствена состојба, во областа на пристапот до добра и услуги од страна на Градската општа болница "8ми Септември" - Скопје кон лицето [redacted] од Скопје.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 12.09.2022 година поднесена е претставка со архивски број 08 – 471/1, од страна на подносителот [redacted] од Скопје, а против Градска општа болница "8ми Септември"-Скопје, за сторена дискриминација врз основа на припадност на маргинализирана група, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост и здравствена состојба, во областа на пристапот до добра и услуги.

Во претставката подносителот дава краток осврт на настанот и во истата наведува дека на 06.08.2022 година поради пресилна главоболка и вртоглавица се упатил во Градската општа болница "8ми Септември"-Скопје, каде не бил примен до 00.20 минути, поради што се обратил на телефонските броеви 112, 194 и 192 со барање од таму да ургираат за да биде примен од страна на здравствениот персонал во болницата. Поради тоа што не бил примен за укажување на медицинска помош, се упатил во Поликлиниката Чаир каде му е укажана лекарска помош. Пред одење во поликлиниката, подносителот се обратил повторно до операторот на телефонскиот број 112 со барање да биде повторно примен во болницата, меѓутоа истиот повторно не бил примен внатре со објаснување дека нема слободна ординација. Понатаму во претставката, подносителот наведува дека додека чекал да се ослободи ординација забележал дека пациенти кои доаѓале после него, биле примени од страна на медицинскиот персонал. Во меѓувреме забележал доктор кој се движел "без никакви други обврски" поради што заклучил дека и покрај тоа што капацитетите биле ослободени, тој сеуште претставувал вишок и се чуствувал отфрлен од страна на болницата. Поради наведеното неговата здравствена состојба се влошува и повторно се упатува во Поликлиника Чаир каде бил примен и соодветно третиран. Кога се

вратил во својот дом се јавил на телефонскиот број 192 со молба настанот да биде забележан во полицискиот билтен. Бил упатен да се јави во Полициска станица – Центар, а оттаму пак бил упатен да се јави во Полициска станица Карпош каде одбиле да го евидентираан настанот и го упатиле подносителот на претставката да се јави во дежурната служба на Полициска станица Карпош. Овластен полициски службеник од дежурната служба го упатил лицето [redacted] да побара помош од адвокат за што тој наведува дека нема парични средства бидејќи е во социјален економски ризик. Заради истите симптоми (силна главоболка и вртоглавица) утрото на 07.08.2022 година во 04.00 часот повторно се јавил во Поликлиника Чаир од каде добил соодветен третман и му било кажано повторно да побара помош во Ургентен центар, бидејќи сите медицински екипи на брзата помош биле зафатени.

Заради прецизно утврдување на фактичката состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација со Допис број 08-471/2 од 15.09.2022 година, а потоа и со Ургенција број 08-471/4 од 20.10.2022 година се обрати до Градската општа болница "8ми Септември"-Скопје од каде е доставен Допис број 03-3008/9 од 09.11.2022 година кон кој е приложен Заклучок број 3008/8 од 18.10.2022 година и Известување број 3008/5 од 29.09.2022 година.

Имено заради постапување по доставено Известување за произнесување по наводи во поднесена претставка за заштита од дискриминација, од страна на Директорот на Градската општа болница "8ми Септември"-Скопје, активирана е Комисија за контрола на квалитет на здравствена заштита заради испитување на случајот на пациентот [redacted] од Скопје, која го утврдила следното: "Пациентот [redacted] од Скопје во повеќе наврати е лекуван на повеќе Амбуланти во Градска општа болница" 8ми Септември"-Скопје. Во истата здравствена установа има вработено од сите маргинални групи и најостро се осудува расната дискриминација. Ургентниот центар во Градска општа болница "8ми Септември" -Скопје ги згрижува сите пациенти кои се ургентни и ги решава по принцип на ургентност. Пациентот [redacted] наведува дека на 06 и 07.08.2022 година бил на Ургентниот центар, за што болницата нема евидентирано инцидент со непримање и непрегледување на пациент".

Имено, правото на здравствена заштита на граѓаните е најнапред уредено со Уставот на Република Северна Македонија како највисок правен акт на државата, па согласно член 39 од истиот "на секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита". Исто така, во член 9 од Уставот е уредено дека "граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба".

Понатаму, правото на здравствена заштита подетално е разработено во Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија", број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16). Во член 3 здравствената заштита е дефинирана како "систем на општествени и индивидуални мерки, активности и постапки за зачувување и унапредување на здравјето; спречување, рано откривање и сузбивање на болести, повреди и други нарушувања на здравјето предизвикани од влијанието на работната и животната средина; навремено и ефикасно лекување и здравствена нега и рехабилитација.Понатаму, со член 9 од истиот закон е

уредено Начелото на правичност на здравствената заштита чие остварување подразбира "забрана на дискриминација при укажувањето на здравствената заштита по однос на раса, пол, старост, национална припадност, социјално потекло, вероисповед, политичко или друго убедување, имотна состојба, култура, јазик, вид на болест, психички или телесен инвалидитет".

Воедно, Законот за заштита на правата на пациентите ("Службен весник на Република Македонија", број 82/08, 12/09, 53/11, 150/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија", број 190/19) во член 3 уредувајќи ги Начелата за правата на пациентите, во став (2) точка 1 од истиот определува дека "Начелото на достапност се заснова на здравствени услуги што постојано се достапни и пристапни на сите пациенти подеднакво и без дискриминација". Во член 5 став (2) од овој закон се вели дека "пациентот има право на остварување на правата пропишани со законот без дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање, сексуална ориентација или кој и да е друг статус"". Во член 32 став (4) концизно е уредено дека "се забранува дискриминација на пациентот".

Од сето горенаведено, како и врз основа на сите приложени докази кон поднесената претставка, земени предвид секој одделно како и во целина, сите заедно, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не е сторено веројатно тврдењето на подносителот за сторена дискриминација. Имено, се утврди дека лицето [redacted] од Скопје во повеќе наврати како пациент е примен во Амбулантите при Градската општа болница "8ми Септември" - Скопје, каде од страна на здравствените работници на соодветен начин му е укажана соодветната и потребна здравствена услуга.

Заради горенаведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на ова мислење, односно дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на припадност на маргинализирана група, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост и здравствена состојба , во областа на пристапот до добра и услуги, од страна на Градска општа болница "8ми Септември".

Скопје,
22.03.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- Градска општа болница "8ми Септември", со седиште на ул. "Париска", б.б, Скопје